# ПОДЕЛБА НА СВЕТСКИТЕ ЈАЗИЦИ ВО ГРУПИ И МЕСТОТО НА КЛАСИЧНИТЕ ЈАЗИЦИ

Научниците што се занимаваат со истражување на светските јазици, познати како ***лингвисти***, направиле поделба на светските јазици според нивното заедничко потекло откако утврдиле дека постојат сличности помеѓу одредени јазици. Таа поделба се вика ***генеалошка класификација***. Така, светските јазици биле поделени во четири групи. Класичните јазици на кои некогаш говореле и пишувале Хелените и Римјаните спаѓаат во првата група, во која спаѓа и македонскиот јазик.

## ИНДОЕВРОПСКА ГРУПА НА ЈАЗИЦИ

- 46% од светското население говори и пишува на јазици кои спаѓаат во ИЕ група или околу 2.562 милиони луѓе.
- Во ИЕ група јазиците се сместени во јазични семејства.
- Можеме полесно да ги учиме и разбираме јазиците од ИЕ група, отколку од другите три бидејќи зборовите им се слични.
- Јазиците што се говорат во Индија и Европа се слични и имаат еден заеднички предок.

## УРАЛО-АЛТАЈСКА ГРУПА НА ЈАЗИЦИ

- Во оваа група спаѓаат турскиот, монголскиот, татарскиот, туркменистанскиот, естонскиот, унгарскиот, финскиот, азербејџанскиот, корејскиот, јапонскиот како и многу други јазици.

## СЕМИТСКО-ХАМИТСКА ГРУПА НА ЈАЗИЦИ

- Оваа група е позната и како афро-азиска. Во неа спаѓаат јазици што се зборуваат во Северна Африка, на Средниот Исток и на Арапскиот Полуостров: египетски, коптски, арапски, еврејски, акадски, фојникијски, сириски, угаритски, кабиле, шилха, ангас, туарег, котоко, варџи и др.

## КАВКАСКА ГРУПА НА ЈАЗИЦИ

- Тука спаѓаат јазици кои се зборуваат во подрачјето на планината Кавказ. Околу 8 милиони население зборуваат на кавкаските јазици како што се абхаскиот, адигејскиот, черкескиот, кабарскиот, грузискиот, аварскиот, цакурскиот, табасарскиот, чеченскиот, ингушкиот, рутулскиот и др.

Mythos е под заштита на Creative Commons.
Сопственост на Ненад Начковски.

# ПОДЕЛБА НА СВЕТСКИТЕ ЈАЗИЦИ ВО ГРУПИ И МЕСТОТО НА КЛАСИЧНИТЕ ЈАЗИЦИ




Mythos е под заштита на Creative Commons.
Сопственост на Ненад Начковски.